**20111352971**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО И НЕДОСТОЈНОТО ОДНЕСУВАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ НАТПРЕВАРИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 септември 2011 година.

Бр. 07-3988/1
28 септември 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО И НЕДОСТОЈНОТО ОДНЕСУВАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ НАТПРЕВАРИ

Член 1

Во Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари („Службен весник на Република Македонија“ број 89/2004 и 142/2008), членот 1 се менува и гласи:

„Со овој закон се уредуваат прашањата што се однесуваат на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, мерките за нивно спречување заради безбедност на гледачите, натпреварувачите и другите учесници во спортските натпревари, како и обврските на организаторите и овластувањата на надлежните органи за спроведување на тие мерки.“

Член 2

Во членот 2 по ставот 1 се додаваат три нови става 2, 3 и 4, кои гласат:

„Организатор на спортски натпревар, во смисла на овој закон, се спортски клубови и национални спортски федерации, како и други правни и физички лица кои организираат спортски натпревар согласно со одредбите на Законот за спортот.

Спортски терен, во смисла на овој закон, претставува просторот на кој се врши спортското натпреварување, како и просторот меѓу гледалиштето и просторот на кој се врши спортското натпреварување.

Маскирано лице, во смисла на овој закон, е лице кое користи средства на телото (лице, глава и слично) заради создавање на потешкотии при утврдувањето на неговиот идентитет, односно заради прикривање на неговиот идентитет.“

Член 3

Во членот 3 став 1 алинеја 1 зборовите: „во временски период од два часа пред почетокот до два часа по завршување на спортскиот натпревар“ се заменуваат со зборовите: „во целиот временски период при доаѓање, за време и по одржувањето на спортскиот натпревар“.

Во алинејата 9 сврзникот „и“ се заменува со запирка.

По алинејата 10 се додаваат три нови алинеи 11, 12 и 13, кои гласат:

„- недозволено влегување во делот на гледалиштето на објектот за спорт кој е наменет за противничките навивачи,

- престојување или задржување на навивачи во делот на гледалиштето за кое не поседуваат влезница или пропусница која ја издава организаторот на натпреварот и

- недозволено влегување на навивачи во објектите кои се во функција на вршење на спортските активности.“

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Сите дејствија утврдени во ставот 1 на овој член претставуваат потежок облик на насилство и недостојно однесување, доколку се извршуваат од страна на маскирано лице.“

Член 4

Во членот 4 ставот 2 се менува и гласи:

„Организаторот на спортскиот натпревар во процената на опасноста од насилство и недостојно однесување при преземањето на потребните мерки за нивно сузбивање и спречување е должен да соработува со полицијата и другите надлежни органи и да обезбеди доволен број редари, а врз основа на процена на Министерството за внатрешни работи и полициски службеници, на просторот на спортскиот објект и во неговата непосредна околина.“

Член 5

Во членот 5 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Организаторот на спортскиот натпревар може да се договори со гостинскиот клуб работите на редарската служба меѓу гледачите на навивачкиот гостински клуб да ја вршат и редарите на гостинскиот клуб.“

Член 6

Во членот 6 став 1 алинеја 3 сврзникот „и“ се заменува со запирка.

Во алинејата 4 по зборот „преземе“ точката се брише и се додаваат зборовите: „согласно со членот 4 став 2 од овој закон“.

По алинејата 4 се додаваат две нови алинеи 5 и 6, кои гласат:

„- изготви план за превентивно дејствување и организација на спортски натпревар и

- изготви план за евакуација во случај на итност.“

Член 7

Во членот 10 став 1 по алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

„- достави до Министерството за внатрешни работи план за превентивно дејствување и организација на спортскиот натпревар и план за евакуација во случај на итност,“.

Во алинејата 3 која станува алинеја 4 по зборот „клубовите“ се додаваат зборовите: „на навивачите“.

По алинејата 4 се додава нова алинеја 5, која гласи:

„- оствари соработка со Министерството за внатрешни работи заради постапување по насоките кои се однесуваат на обезбедување на јавниот ред и мир на спортскиот натпревар.“

Во ставот 2 броевите „4, 5, 7, 8 и 10“ се заменуваат со броевите „6, 7 и 9“.

Член 8

Во членот 12 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Министерството за внатрешни работи најмалку 24 часа пред почетокот на спортскиот натпревар со зголемен ризик врши увид во смисла дали организаторот ги презел потребните мерки кои се однесуваат за спречување насилство и недостојно однесување на учесниците и доколку записнички констатира одредени недостатоци на организаторот му дава насоки за нивно отстранување.“

Член 9

По членот 12 се додава нова Глава II- а и нов член 12-а, кои гласат:

„II-а. КАЗНЕНА ОДРЕДБА

Член 12-а

Насилничко однесување на спортски натпревар

Тој којшто со намера да врши насилство влезе на спортскиот терен или со влез на спортскиот терен предизвика насилство, физички ги нападне учесниците на спортскиот натпревар, внесе во спортскиот објект или фрла на спортскиот терен или меѓу гледачите предмети, пиротехнички средства или други експлозивни, запаливи супстанци и предизвика телесни повреди и го загрози животот или здравјето на учесниците на спортскиот натпревар или учествува во тепачка на спортскиот натпревар ќе се казни со затвор од три месеци до една година.

Тој којшто во група ќе го изврши кривичното дело од ставот 1 на овој член ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

Организаторот на групата која ќе го изврши кривичното дело од ставот 1 на овој член ќе се казни со затвор од една до пет години.“

Член 10

Членот 13 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице, доколку постапи во спротивност со одредбите од членот 3 став 1 алинеи 1 и 2 од овој закон.

Глоба во износ од 550 до 750 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице, доколку постапи во спротивност со одредбите од членот 3 став 1 алинеи 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13 од овој закон.

Глоба во износ од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичкото лице од членот 3 став 2 од овој закон, доколку постапи во спротивност со одредбите од членот 3 став 1 од овој закон.“

Член 11

Во членот 14 став 1 алинеја 2 зборот „лица“ се заменува со зборот „редари“.

Член 12

По членот 14 се додава нов член 14-а, кој гласи:

„Член 14-а

Глоба во износ од 600 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на организаторот на спортскиот натпревар ако не постапи согласно со насоките на Министерството за внатрешни работи и не ги отстрани констатираните недостатоци (член 12 став 2).“

Член 13

Членот 15-а се менува и гласи:

„За прекршоците утврдени во членовите 13, 14, 14-а и 15 од овој закон униформираниот полициски службеник е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

Кога сторителот на прекршокот е согласен за поведување на постапка за порамнување униформираниот полициски службеник составува записник во кој се забележуваат битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието и лицата затекнати на самото место.

Униформираниот полициски службеник во постапката за порамнување на сторителот на прекршокот му издава платен налог.

Висината на износот во платниот налог изнесува половина од минимум утврдениот износ на глоба за прекршоците утврдени во членовите 13,14 ,14-а и 15 од овој закон.

Доколку сторителот на прекршокот го прими платниот налог е должен истиот да го потпише. Примањето на платниот налог од сторителот на прекршокот се забележува во записникот.

Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице записникот и платниот налог го потпишува службеното, односно одговорното лице кое се нашло на самото место.

Во случај кога сторителот на прекршокот не е согласен за поведување на постапка за порамнување, униформираниот полициски службеник поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, односно комисија на Министерството за внатрешни работи за водење на прекршочна постапка.

Униформираните полициски службеници се должни да водат евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход.

Во евиденцијата од ставот 8 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве лични податоци: име и презиме на сторителот на прекршокот, датум и место на раѓање, живеалиште, односно престојувалиште, вид на прекршокот, број на платниот налог кој му се издава и исходот од постапката.

Униформираните полициски службеници се должни личните податоци од ставот 9 на овој член да ги обработуваат и евиденцијата и да ги водат согласно со прописите за заштита на личните податоци.

Личните податоци од ставот 9 на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.“

Член 14

По членот 15-а се додава нов член 15-б, кој гласи:

„Член 15-б

За прекршоците предвидени со одредбите од членот 3 став 1 алинеи 1 и 2 од овој закон прекршочната постапка ја води комисија на Министерството за внатрешни работи.

Комисијата од ставот 1 на овој член е составена од претседател на комисијата и два члена.

Претседателот на комисијата е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од најмалку шест години на предметната материја, а членовите на комисијата имаат завршено високо образование и работно искуство од најмалку четири години на предметната материја.“

Член 15

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.